ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 12-195/11**

**Дата: 27.09.2010**

**ДО**
**ОПШТИНА ШТИП**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на Органот на Општина Штип за 2009 година.

При ревизијата беа земени во предвид препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2006 година, при што е утврдено дека по најголем број од препораките е постапено. Не се спроведени препораките кои се однесуваат на донесување интерен акт за начинот и постапките за извршување на пописот на средствата и изворите на средствата и не се преземени мерки за враќање на незаконски исплатените парични средства на советниците. Делумно е спроведена препораката која се однесува на дефинирање на односите со јавните претпријатија. Со јавните претпријатија склучени се договори за регулирање на меѓусебните односи, но не и поединечни договори со „ЈП Штип –Проект Штип„ со цел дефинирање на заемните обврски, права и одговорности за извршување на конкретни работи.

За финансиските извештаи за 2009 година на сметката на Органот на Општина Штип изразивме мислење со резерва во делот на вистинитоста и објективноста како и за усогласеност со закони и прописи.

Уредувањето на градежното земјиште и во 2009 година го врши ЈП „Штип Проект„ без јасно дефинирани права и обврски, иако уредувањето на градежното земјиште е една од основните функции на локалната самоуправа.

Исплаќани се надоместоци на членовите на советот во поголем износ од законски предвидените.

Општина Штип нема донесено Програма за финансирање на активностите на невладини организации и спортски клубови за 2009 година. Трансфер на средства до невладини организации и спортски клубови е вршен врз основа на поднесени

барања и согласно Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна помош на физички лица, донесен од советот на Општина Штип, без програмите од барателите и без извештај за користење на средствата.

**1. Вовед**

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи кои се прикажани на страните од 12 до 14 заедно со ревизија на усогласеност со законските прописи на сметката на Органот на Општина Штип за 2009 година, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Органот на Општина Штип за 2006 година. За вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката на Органот на Општина Штип под 31 декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, изразено е мислење со резерва, како и за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Панде Сарев, градоначалник до 05.04. 2009 година, и
- Зоранчо Алексов, градоначалник од 06.04. 2009 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на Органот на Општина Штип за 2009 година се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата/ревизорски постапки

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување, и

- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на

износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 01.06.2010 до 25.06.2010 година кај Општина Штип од тим на Државниот завод за ревизија.

**3. Осврт на ревизијата од претходната година - спроведување на препораките**

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2006 година.
Во Прилог 3 (прилог кон овој извештај), дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2006 година.

**4. Наоди и препораки**

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот на 05.07.2010 година. Нацрт извештајот беше доставен до субјектот на 09.08.2010 година.
На ден 13.09.2010 година со писмо број 08-4215/2 од 07.09. 2010 година примени се забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 12-195/4 од 09.08. 2010 година, од градоначалникот.

Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат нови докази за измена на констатациите изнесени во Нацрт извештајот.
Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во прилог кон овој Конечен извештај.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2009 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**4.1. Усогласеност со закони и прописи**

4.1.1. Извршениот попис на материјалните средства, ситниот инвентар и обврските спрема добавувачите за 2009 година не е во согласност со членот 31-а и 31-в од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници поради следното:

- од страна на пописната комисија е извршено утврдување на состојбата на материјалните средства и ситниот инвентар на лице место, во пописните листи се наведени називите на средствата и количината без да се внесе состојбата од сметководството, вредноста и евентуалните разлики (кусоци или вишоци), и
- за обврските спрема добавувачите не е утврдена правната основа за постоење и старосната структура на истите.

Ваквиот начин на постапување придонесува за можност од нереално прикажување на средствата и изворите на средствата и до нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**
Стручните служби во општината да изготват интерен акт со кој ќе се утврди начинот и постапката за целосно извршување на пописот на средствата и изворите на средствата согласно Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

4.1.2. Уредувањето на градежното земјиште во општина Штип е во надлежност на ЈП „Штип Проект„ Штип. За активностите поврзани со уредувањето на градежното земјиште не се склучуваат договори за објекти и активности но истите се извршуваат на основа Програма за уредување на градежно земјиште и Програма за изградба и одржување на локални патишта и улици во општина Штип за 2008 и 2009 година. За изведување на работите за реконструкција и одржување на улици и изведба на атмосферска канализација има усвоен ценовник од Управниот одбор на ЈП „Штип Проект„ Штип во октомври 2009 година, а до тој период важел ценовник од 2002 година со кој поголем дел од цените на одделни работи не се дефинирани. Овој ценовник не е потврден од страна на советот во општината. Надзорот го врши лице вработено во општината со овластување од градоначалникот.
Таквиот начин на работење не е во согласност со член 22 од Законот за градење каде е пропишано дека изведувачот на работите истите ги извршува врз основа на договор за градење склучен со инвеститорот. Донесениот ценовник не е во согласност со член 11 од Законот за јавни претпријатија, бидејќи основачот на ЈП дава согласност на актот со кој се утврдуваат цените на услугите. Ангажирањето на вработено лице во општината за вршење надзор над извршувањето на работите не е во согласност со членот 28 од Законот за градење каде е наведено дека надзорот треба да е надворешно лице.

За дел од работите иако постои законска обврска за спроведување на постапки за јавни набавки истото не се прави, со што се нарушуваат основните принципи на Законот за јавни набавки за конкуренција и транспарентност во доделувањето на одредени работи.
Имајќи го во предвид фактот дека уредувањето на градежното земјиште е една од основните надлежности на единиците на локалната самоуправа со ваквиот начин на работење се намалува транспарентноста, конкуренцијата, се зголемува ризикот од зголемени трошоци како и се создаваат услови за постоење на ризик од не законско и ненаменско користење на строго наменските средства.

**Препорака:**
Надлежните во општината во врска со уредување на градежното земјиште да ги преземат следните активности:

- да се преиспита начинот на организирање на уредувањето на градежното земјиште како една од основните надлежности на општината;
- да се склучуваат договори за извршување на работите ;
- за ценовникот на ЈП „Штип Проект„ Штип да има согласност од советот на општината, и
- за вршење надзор над извршувањето на работите да се ангажираат стручни лица кои не се вработени во општината.

**4.2. Финансиски извештаи**

4.2.1. Од позицијата Основни плати и надоместоци на членовите на советот на Општина Штип се исплатени средства во поголем износ од 750 илјади денари за: месечен паушал-надоместок за присуство на седница, редовност и за учество на комисии и венчавки.
Ваквите исплати не се во согласност со член 29-а од Законот за дополнување на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката, со кој е предвидено дека на членовите на советот им припаѓа само месечен надоместок за присуство на седници на советот и надоместок за патни и дневни расходи.
Неприменатa на законот при исплата на надоместоците придонесува за ненаменско и незаконско трошење на средствата на општината и зголемени расходи.
Ревизијата не дава препорака бидејќи во 2010 година е донесена Одлука од советот со која надоместоците на советниците се регулирани согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија.

4.2.2. Во 2009 година во Општина Штип со статус на времени вработувања се ангажирани лица (од четири во месец јануари до 49 во месец декември)

континуирано во текот на годината, што претставува 60% во однос на вкупниот број на вработени (81 лице од кои 66 лица во општинската администрација и 15 лица во територијалната противпожарна единица). Вработувањето на овие лица е преку две агенции за привремени вработувања, со тоа што во договорите за отстапување работник на работодавач корисник и договорите за вработување не се содржани видот на работите кои ќе ги врши отстапениот работник кај работодавачот корисник, што не е во согласност со одредбите од член 4 од Законот за агенциите за привремени вработувања (врз основа на договор за отстапување може да се отстапи работник за вршење на привремени работи во случај на: замена на привремено отсутен работник, привремено зголемен обем на работа, сезонска работа, работа на проекти, неспецифични неконтинуирани работи и непредвидени краткотрајни активности). За овие вработени не се однесува Законот за државни службеници кој обезбедува еднаквост, јавност и транспарентност при вработувањето преку јавен оглас, полагање стручен испит, рангирање на кандидатите според успешноста. Вработувањето на лицата преку Агенциите за привремени вработувања остава простор за субјективно одлучување и не обезбедува фер конкуренција.
По овој основ за 2009 година фактурирано е 8.999 илјади денари, а исплатено е 7.081 илјади денари.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општина Штип согласно потребите и можностите на општината да изврши редовно вработување на потребен број на лица согласно Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација.

4.2.3. Во текот на 2009 година од позицијата Трансфери до невладини организации со одлуки на советот на Општина Штип трансферирани се средства во вкупен износ од 333 илјади денари до здруженија на граѓани, друштва и фондации од Штип. Средствата се доделени врз основа на поднесени барања и согласно Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна помош на физички лица, донесен од советот на Општина Штип. Советот на Општина Штип донел одлуки за доделување на средства, без донесена Програма, без да ги одобри програмите од барателите и без извештај за користење на средствата. Ова не е во согласност со член 61 од Законот за здруженијата на граѓани и фондациите и член 8 од Законот за локална самоуправа.
Ваквиот начин на доделување на средства создава можност за нетранспарентно и незаконско користење на средствата.

**Препорака:**
Општина Штип доделувањето на средствата до здруженија , друштва и фондации, да го врши врз основа на донесена годишна програма и согласно одредбите од Законот за здруженија и фондации и Законот за локална самоуправа.

4.2.4. Во текот на 2009 година по основ на Трансфери до спортски клубови направени се расходи во вкупен износ од 3.312 илјади денари. Средставата се доделени врз основа на поднесени барања и согласно Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна помош на физички лица, донесен од Советот на Општина Штип. Советот на Општина Штип нема донесено Програма од областа на спортот за 2009 година на предлог на општинските спортски сојузи, нема добиено извештаи од спортските сојузи за исполнување на програмите и роковите утврдени во нив, што не е во согласност со членот 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за спорт, Статутот и членот 8 од Законот за локална самоуправа.
Недонесување Програма од областа на спортот за 2009 година, придонесува за намалена транспарентност во работењето, субјективно одлучување при избор на спортски клубови кои ќе добиваат помош од општината и го зголемува ризикот за ненаменско користење на средства.

**Препорака:**
Советот на Општина Штип да донесе:
- програма за спорт со предвидени спортски активности кои ќе се финансираат;
- критериумите за распределба на средствата, и
- начинот на отчет на спортските клубови за потрошените доделени средства.

**4.3. Користење на средствата согласно законските прописи**

При увидот во постапките за јавни набавки спроведени во текот на 2009 и 2008 година ревизијата го утврди следното:

4.3.1. За направени расходи во 2009 година во вкупен износ од 1.059 илјади денари не е спроведена постапка за јавни набавки, што не е во согласност со член 100 од Законот за јавни набавки и тоа:
- за набавени канцелариски материјали во износ од 209 илјади денари, и
- за услуги за мобилна телефонија за што се направени расходи во износ од 850 илјади денари.

4.3.2. Во текот на 2009 година спроведена е отворена постапка 05/09 од 21.08.2009 година за набавка на масло за греење за основните и средни училишта, детски

градинки и зграда на општината за грејната сезона 2009/2010 година. Постапката е завршена во јануари 2010 година, кога е склучен договор со избраниот најповолен економски оператор. Поради пролонгирање на постапката и касно склучениот договор општината спровела постапка за јавна набавка со преговарање без претходно објавување на оглас и склучила Анекс договор број 1 на ден 04.11.2009 година кон основен договор од 26.02.2008 година со економски оператор избран во постапка со Отворен повик 08/2007, што е спротивно на одредбите од член 99 од Законот за јавни набавки. За набавка на дополнителните количини на нафта за греење исплатени се средства во износ од 626 илјади денари.

4.3.3. При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки за 2008 година во Општина Штип, кои имаат влијание на финансиските извештаи за 2009 година (расходи во вкупен износ 4.430 илјади денари), ревизијата утврди дека истите не се во согласност со Законот за јавни набавки и тоа:

- по отворен повик 04/08 за Реконструкција на дел од улица „Сутјеска„ склучен е договор за работа во октомври 2008 година на износ од 12.360 илјади денари и анекс кон основниот договор во ноември 2008 година со постапка на преговарање за Реконструкција на водоводна и канализациона линија на улица „Сутјеска„ на износ од 2.104 илјади денари со економски оператор избран во постапка 04/08 кој не ги исполнува критериумите утврдени во огласот за доделување на договор за јавна набавка и во тендерската документација. За докажување на техничката и професионална способност доставениот список за вработени е со помал број вработени од бараниот во огласот и недоставени М1/М2 обрасци што не е во согласност со член 152 од Законот. Во огласот за доделување на работа предвидено е гаранција за квалитетно извршување на договорот во висина од 15%, но истата не е обезбедена што не е во согласност со член 48 од Законот. Расходите во текот на 2009 година изнесуваат 3.412 илјади денари, и

- за продолжување на изведба на Реконструкција на улицата „Генерал Михајло Апостолски„ и дел од улицата „Васил Главинов„ склучен е анекс договор во септември 2008 година на износ од 8.610 илјади денари (кон основен договор од октомври 2003 година). Во 2009 година направени се расходи во износ од 1.018 илјади денари. Потпишување на Анекс на договорот не е во согласност со законските одредби поради тоа што вкупната вредност на дополнителните работи надминува 30% од вредноста на основниот договор (износ на договор 11.526 илјади денари) и поминат е рокот на важење на основниот договор што не е во согласност со член 99 од Законот. Со оглед на тоа што е надмината вредноста од 30% и рокот од три години од склучувањето на основниот договор, Општина Штип требало да спроведе постапка за доделување на договор за градежни работи за целосна доизведба на улицата.

Непочитувањето на одредбите од Законот за јавни набавки има за последица примена на не објективни критериуми за избор на најповолен понудувач, не транспарентност и јавност на постапката при склучување на договорите и повластена положба на одредени добавувачи.

**Препорака:**
Да се воспостават процедури и постапки кои ќе обезбедат навремено објавување на постапките за јавни набавки во насока на обезбедување на конкуренција помеѓу економските оператори, еднаков третман, транспарентност и интегритет во постапките на доделување на договор за јавни набавки и рационално и ефикасно искористување на средствата.

## 5. Ревизорско мислење

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.1.1. финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Органот на Општина Штип на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.1.2. , 4.2. и 4.3. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Органот на Општина Штип, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

5.1. Вкупниот ефект од прифатените и спроведени корекции од страна на субјектот во текот на ревизија врз Билансот на состојба е зголемување на вкупната актива и пасива за 3.847 илјади денари, и тоа:

- зголемување на состојбата на Материјални средства во подготовка и Други пасивни временски разграничувања за износ од 2.200 илјади денари, за не евидентирана фактура за изградба на фекална канализација село Чардаклија;

- зголемување на состојбата на Активни временски разграничувања и Други краткорочни финансиски обврски за износ од 315 илјади денари поради помалку искажана обврски за советниците, и

- зголемување на состојбата на Активни временски разграничувања и Обврските за примени аванси за износ од 1.332 илјади денари за неевидентираните уплатени средства по основ на надомест за уредување на

градежно земјиште од страна на инвеститорите кои плаќаат врз основа на преддоговори склучени во периодот од 2001 до 2009 година.

Скопје, 23.09. 2010 година

**ОПШТИНА ШТИП**

**СМЕТКА НА ОРГАНОТ**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 ГОДИНА**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2009** | **2008** |
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 134.791 | 129.461 |
| **Вкупно приходи** | | **134.791** | **129.461** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 34.102 | 29.014 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 200 | 0 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 62.639 | 43.084 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 6.999 | 7.105 |
| Социјални бенефиции | 3.2.5. | 766 | 1.075 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **104.706** | **80.278** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 30.085 | 49.183 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **30.085** | **49.183** |
| **Вкупно расходи** | | **134.791** | **129.461** |

**СМЕТКА НА ОРГАНОТ**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 15.990 | 10.336 |
| **Вкупно тековни средства** | | **15.990** | **10.336** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 170.831 | 164.873 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.2. | 50.438 | 36.155 |
| **Вкупно постојани средства** | | **221.269** | **201.028** |
| **Вкупна актива** | | **237.259** | **211.364** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 9.415 | 8.343 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4.3.2. | 1.332 | 0 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.3. | 315 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.4. | 4.928 | 1.993 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.5. | 50.438 | 36.155 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **66.428** | **46.491** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 170.831 | 164.873 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **170.831** | **164.873** |
| **Вкупна пасива** | | **237.259** | **211.364** |

**ОПШТИНА ШТИП**

**СМЕТКА НА ОРГАНОТ**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА**

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Вкупно** |
| | | |
| **Состојба 01.01.2009 година** | **164.873** | **164.873** |
| | | |
| **Зголемување по основ на:** | **9.867** | **9.867** |
| Набавки | 9.867 | 9.867 |
| | | |
| **Намалување по основ на:** | **3.909** | **3.909** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | 116 | **116** |
| Амортизација | 3.793 | 3.793 |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **170.831** | **170.831** |

**Општина Штип**
**Градоначалник**

**Број 08-4215/2**
**07.09.2010 година**

13.09.2010

ДО
Државниот завод за ревија
Скопје

12 195/9

ПРЕДМЕТ: Доставување забелешки
Врска: Ваш број 12-195/7 од 09.08.2010 година

Во врска со нацрт-ревизорскиот извештајот за извршената ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеноста за 2009 година во Општината Штип, согласно член 30 став 2 од Законот за државната ревизија („Службен весник на РМ“, број 66/10), во законски предвидениот рок ги доставуваме следните забелешки:

I. Сметка Орган (637)

Точка 4.3.- Јавни набавки

Точка 4.3.1. - Канцелариски материјали

Во врска со забелашката дека се набавувани канцелариски материјали спротивно на член 100 од ЗЈН, го даваме следниот одговор:

Општината Штип се труди постапките за набавка да ги спроведува навреме, но понекогаш се случува истите толку да се продолжат заради поднесување на жалба на некој од заинтересираните економски оператори што доведува до констатации како оваа на ревизорите. Имено, постапката за набавка на кабцелариски материјал во 2007 година заврши во месец декември, договорот кој беше склучен ја покриваше цела 2008 година , а некои плаќања достасаа во 2009 година. Во 2009 година е спроведена нова постапка број 07/09 и тоа како повторена постапка заради неуспешната прва постапка број 05/09. Истата се оконча во месец октомври 2009 и и се упте е на сила.

Точка 4.3.1. - Мобилна телефонија

За прв пат во Општината Штип мобилни телефони (2 на број) се купени во мандатот на градоначалникот 1996-2000 година. Од тогаш истиот договор беше продолжуван повеќе пати, а за последен пат со анекс број 0307-326/2 од 01.02.2006 година. Во тоа време во Република Македонија постоеше само еден мобилен оператор (МОБИМАК). Цитираниот анекс на договор имаше важност до 23.01.2009 година. Веднаш по создавање на услови (откако завршија локалните избори и започна мандатот на сегашниот градоначалник д-р Зоран Алексов), а и поради фактот што пазарот во меѓувреме се збогати со повеќе

мобилни оператори, Општината Штип спроведе постапка за јавна набавка и од 23.11.2009 година има склучено рамковен договор со мобилниот оператор ВИП со времетраење од 2 години.

Точка 4.3.2. - Масло за греење екстра лесно

Наводите на ревизорот во врска со набавката на масло за греење екстра лесно се точни. Но, постапката за набавка на масло за греење започнала на 21.08.2009 година, а станала конечна на 26.01.2010 година. На 15 октомври започнала грејната сезона, а со оглед дека Општината Штип набавува масло за греење за сите основни и средни училишта и детски градинки во Општиата Штип, договорниот орган оценил дека не постои начин да се изврши набавка на масло за греење за оваа чувствителна категорија корисници, освен да ја искористи можноста што ја дава ЗЈН да спроведе постапка за преговарање за набавка на дополнителни количини масло за греење со претходниот набавувач за што се склучени договори. Веднаш по окончувањето на постапката, започната е набавката на масло за греење од новоизбраниот понудувач Алма комерц од Неготино.

Точка 4.3.3.- Реконструкција на улица „Генерал Михајло Апостолски"

Веднаш по укажувањето на ревизорот, Општинта Штип на ден 30.08.2010 година до ГТД Бетон-Штип, достави Спогодба за раскинување на договорот и Анексот за реконструкција на оваа улица. Во следната фаза Општината Штип ќе спроведе нова постапка за јавна набавка за завршување на реконструкцијата.

II. Сметка наменски дотации (930).

Точка 4.1.1. Финансиски извештај

Планирањето и распределбата на средствата по корисници е реална и во рамките на одобрените средства со блок дотациите. Неискористените средства на 31 декември се должи на касно добиените дотации за месец декември во износ од 3.124 илјади денари на 31 декември 2009 година кога не работеше трезорот па не можеа да се искористат истите, но придонесе и до каснење на одобрувањето на плановите за користење на корисниците за месец декември

ПРИЛОГ: Извод од сметка

Градоначалник
на Општината Штип
д-р Зоран Алексов

- Трајче Цветков
- Соња Китанова

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ШТИП

*Ул.Васил Главинов бб Штип, тел. 032/22 66 00, факс 032/ 22 66 01*
*www.stip.gov.mk*

**Прилог 2**

Одговор на забелешки
по Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор

На Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи на општина Штип за 2009 година на – Сметка на Органот доставени се забелешки број 08-4215/2 од 07.09. 2010 година од градоначалникот на Општина Штип.

Забелешките се однесуваат на наодите од точките 4.3.1. алинеја 1 и 2, 4.3.2. и 4.3.3.. од Нацрт извештајот број 12- 195/4 од 09.08. 2010 година.

Забелешките се разгледани и по истите е констатирано следното:

Забелешката на наодот од **точка 4.3.1. алинеја 1 не се прифаќа**, од причина што истата нема карактер на забелешка туку известување кои се причините за таквото постапување со кое се потврдува констатацијата на ревизијата. Субјектот потврдува дека во 2009 година во месец октомври е завршена постапката за јавна набавка за набавка на канцелариски материјали а до тој период вршени се набавки без постапка за јавна набавка.

Забелешката на наодот од **точка 4.3.1. алинеја 2 не се прифаќа**, и во овој случај не се работи за забелешка туку за објаснување со кое се потврдува констатацијата на ревизијата а се однесува за користење на услугите од мобилен оператор (мобилна телефонија). Субјектот наведува дека во 2009 година од месец октомври овие услуги ги користи од оператор избран во постапка спроведена согласно Законот за јавни набавки.

Забелешката на наодот од **точка 4.3.2.,** која се однесува за набавка на масло за греење **не се прифаќа**, од причина што не се работи за забелешка, бидејќи и субјектот потврдува дека наводите на ревизорот се точни, но истиот ги наведува причините поради кои е постапено спротивно на законските одредби.

Забелешката на наодот од **точка 4.3.3. не се прифаќа,** бидејќи не се работи за забелешка, туку за известување дека по утврдената состојба во наодот, субјектот презел мерки по сопствено согледување за надминување на состојбите односно доставил Спогодба до изведувачот за раскинување на договорот и анексот.

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ___________________________

*2.* ___________________________ ______________________

Наодот на ревизорот се однесува на склучен анекс кон основен договор кој не е во согласност со законските одредби од член 99 бидејќи е поминат рокот од три години од склучување на основниот договор склучен во 2003 година и вкупната вредност на дополнителните работи по анекс договорот кој е склучен во 2008 година, надминува 30% од вредноста на основниот договор. Во наодот ниту во препораката нема укажување од страна на ревизорот за спогодбено раскинување на договорот и анекс договорот помеѓу Општината и изведувачот на работите.
Ревизијата укажува дека изведувачот заклучно со 2009 година има извршени работи во износ од 18.683 илјади денари за кој се испоставени градежни ситуации, кои во целост се платени од страна на Општината. Според договорот и анекс договорот, договорениот износ на работите е 20.136 илјади денари од кои се завршени работи во износ од 18.683 илјади денари, по што останал износ од 1.453 илјади денари како разлика помеѓу износот на договорот и анексот, и износот на градежните ситуации.

Скопје 23.09.2010 година



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ ______________________

**Прилог 3**

**Резултати**

**од извршената ревизија на спроведување на препораките по конечниот извештај на овластениот државен ревизор од 2006 година за општина Штип**

| Бр./врска на наодот/ препораката во конеч. изв. на ОДР | **Наод** | **Ревизорска област Препорака** | **Статус на препораката** | **Коментар на ревизорот/субјектот** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 11.1. | **Систем на интерни контроли во процесите** | | | |
| 11.1.1. | При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на плаќање, ревизијата констатира дека и покрај јасно дефинираната организациона структура и соодветно разграничување на надлежностите и одговорностите на вработените согласно актот за систематизација и функционирањето на воспоставените контроли во овој процес, постои ризик од необезбедување на докази за трошењето на набавените електро-материјали за одржување и изградба на улично јавно осветлување и набавените автоделови наменети за поправка и сервисирање на општинските возила. | Надлежните служби да изготват пишани процедури во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите во процесот на безготовинско и готовинско плаќање, контролата и движењето на сметководствените | спроведена | Изготвени се пишани процедури во процесот на безготовинско и готовинско плаќање, контрола и движењето на сметководствените документи |



*Ревизорски тим:*
*1.* ______________________
*2.* ______________________

*Овластен државен ревизор*
______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Причина за овие ризици е непостоењето на пишани процедури во делот на движењето на документацијата, материјална евиденција за набавките и издавањата на сите видови набавени материјали. | документи, како и воведување на материјална евиденција за набавката и употребата на материјалите. | | |
| 11.1.2. | При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на пресметка и исплата на плати на вработените во општина Штип, ревизијата смета дека не постои ризик од неоткривање грешка при пресметката на платите и покрај тоа што платите се пресметуваат рачно. Воспоставениот систем на интерни контроли преку разграничувањето на надлежностите и одговорностите на вработените во однос на дневната евиденција на присутност на вработените, пресметката, контролата и исплатата на плати гарантира дека нема да се извршат исплати на лица кои не се вработени или за деновите кога не се на работа. | | | |
| 11.1.3. | При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на јавни набавки ревизијата утврди дека и покрај запазување на постапките за јавни набавки предвидени со Законот, постои ризик од необезбедување на транспарентност, поради | Во функција на начелото на транспарентно работење Комисијата за јавни набавки | спроведена | Комисијата за јавни набавки изготвува писмени прегледи од извршена евалуација / бодирање |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | следново:<br>• во фазата на евалуација во најголем број случаи комисијата за јавни набавки не изготвува писмени прегледи од извршеното бодирање по претходно утврдените формули согласно Методологијата за изразување на критериумите во бодови;<br>• Во одлуката за набавки од мала вредност често не се наведуваат количините на производи (стоки), услуги и работи кои ќе се набавуваат;<br>• Градоначалникот во најголем број случаи за набавките од мала вредност не донесува Решение за избор на најповолен понудувач. | целосно да ги почитува одредбите од Законот за јавни набавки и да ја применува Методологијата за евалуација на понудите. | | |
| **11.2.** | **Неправилна примена на акти** | | | |
| 11.2.1. | Со Правилникот за критериумите и постапка за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица број 0701-512/1 од 17.02.2006 утврдено е дека врз основа на Одлука на Советот, градоначалникот врши исплата на овие надоместоци.<br>Во текот на 2006 година изршена е исплата на 183 илјади денари за кои Градоначалникот самостојно има донесено решенија, спротивно на споменатиот | Органите на општина Штип да обезбедат доследно почитување на актите кои се предходно усвоени од соодветните органи. | спроведена | Советот донесува одлуки за доделување на средства |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Правилник. Ова е резултат на долгогодишна воспоставена пракса за самостојно одлучување на градоначалникот до износи од 10 илјади денари.<br>Непочитувањето на актите придонесува за нетранспарентно трошење на средствата на општина Штип | | | |
| 11.2.2. | Исплатата на надоместот за регрес за годишен одмор, не е утврдена со Одлуката за извршување на Буџетот на општина Штип за 2006 година и покрај тоа на вработените им е исплатен надомест за регрес за годишен одмор. Ваквиот начин на работење создава услови за недефинирано право на исплата на надомест за регрес за годишен одмор и зголемени трошоци. | Одлуката за извршување на буџетот на општина Штип да ги содржи сите надоместоци што им следуваат на вработените во износи предвидени согласно законската регулатива. | н/п | Нема исплати на надомест за регрес за годишен одмор |
| 11.2.3. | Поради посебно истакнување во работата на лице вработено во општинската администрација, исплатени му се средства врз основа на решение донесено од претседателот на Советот на општина Штип.<br>Исплатите на средства за вработените врз основа на акти кои не се донесени од функционерот кој раководи со органот се спротивни на член 71 од Законот за државни службеници и има за ефект исплати врз основа на акти донесени од неовластено лице. | Органите на општина Штип да постапуваат во рамки на своите ингеренции предвиден со Статутот на општината и Законот за локална самоуправа. | спроведена | Органите на општината постапуваат во рамки на своите ингеренции предвидени во Статутот на општината и Законот за локална самоуправа |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________
*2.* ____________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **11.3.** | **Неправилна примена на сметководствени политики и начела** | | | |
| 11.3.1. | Општина Штип врши плаќања кон јавните претпријата во општината врз основа на документација која не секогаш нуди податоци за видот на извршените работи, не гарантира дека работите се во целост извршени како и врз основа на програмите на јавните претпријатија кои не се финансиски заокружени .<br>Ова е резултат на непостоење меѓусебни договори и не дефинирани обврски, права и одговорности помеѓу општината како основач и јавните претпријатија во однос на:<br>- висината на средствата со кои основачот ќе учествува во финансирањето на конкретни програми за деловната година (Советот на општина Штип ги усвојува годишните програми на ЈП кои секогаш планираат средства од основачот во износи повисоки од оние што општината ги обезбедува со буџетот за конкретна активност);<br>- потребната документација која треба да ја достават јавните претпријатија што ќе обезбеди доволно поткрепувачки докази дека работата е извршена ;<br>- начин на контрола и надзор на | - Надлежните служби на општина Штип да склучат договори со јавните претпријатија со цел дефинирање на заемните обврски, права и одговорности, | делумно спроведена | Со јавните претпријатија склучени се договори за регулирање на меѓусебните односи.<br><br>(За извршување на работите од „ЈП Штип-проект Штип„ не се склучуват поединечни договори со цел дефинирање на заемните обврски, права и одговорности за конкретни работи)<br><br>. |



*Ревизорски тим:*
*1.* ___________________________
*2.* ___________________________

*Овластен државен ревизор*
______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | извршувањето на работите.<br>Работењето на општината со јавните претпријатија без склучени договори е спротивно на одредбите од Законот за единиците на локална самоуправа и Законот за јавните претпријатија и придонесува до зголемени трошоци непоткрепени со валидна документација | | | |
| 11.3.2. | Кај благајничкото работење постапувано е спротивно на Законот за платен промет и на одредбите за благајничко работење при што ревизијата утврди дека:<br>1. исплатата на средства по патни сметки не се врши во утврдените законски рокови а изготвувањето на благајничките извештаи не се врши редовно со секоја промена на благајната, туку на одредени периоди (десетина до триесетина дена);<br>2. на обрасците каса прими и каса исплати нема датуми, нема потписи од лицето кое ги примило парите и од раководителот на сметководство (потпишани се само од благајникот), а лицата кои ги примаат парите се потпишуваат на налозите за службени патувања и на сметкопотврдите врз основа на кои се врши исплатата. | Квалитетот на благајничкото работење значително ќе се подобри доколку општина Штип пропише акт за благајничко работење во склад со позитивните законски прописи. | спроведена | Посебен акт за благајничко работење не е изготвен, (пропишано е во пишаните процедури) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Ненавремената исплата на средствата по основ на патни сметки, како и ненавременото изготвување на касовите извештаи, придонесуваат за нереално искажување на паричните средства во благајната на одреден датум | | | |
| 11.3.3. | Надлежното одделението нема воведено материјална евиденција - картици за основните средства согласно одредбите од член 8 став 2 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 7 став 5 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Причина за ова е неправилната примена на законските прописи. Неводењето на книга на основни средства го оневозможува усогласувањето на сметководствената со состојбата утврдена со попис | Службите на општина Штип да превземат активности за воведување на потребната евиденција согласно Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници | спроведена | воведене е евиденција на основните средства – во вид на поврзани листи |
| 11.3.4. | Пописот на средствата и изворите на средствата на општина Штип со состојба на 31.12.2006 година не е извршен во целост бидејќи не ги опфаќа противпожарните возила добиени со превземањето на противпожарната единица, и не е извршен попис на обврските со состојба на 31.12.2006 година. Направен е само физички попис на опремата и не е извршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот. | Надлежните органи во општина Штип да донесат интерни акти со кои јасно ќе се утврди начинот, постапките и процедурите за целосно извршување на пописот на средствата и | не спроведена | - не е донесен интерен акт за начинот, постапките и процедурите за целосно извршување на пописот согласно активностите пропишани во Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ___________________________
*2.* ___________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Вака спроведените активности во рамките на пописот не се во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.<br>Нецелосното согледување на состојбата на имотот на општината и неспроведување на потребните подготвителни работи за извршување на пописот, придонесува искажаната состојба на средствата и обврските на 31.12.2006 година да не ја претставува реалната состојба на истите и доведува до нереални финансиски извештаи. Ова е резултат на немање на интерни акти за спроведување на пописот и неправилна примена на законските прописи | изворите на средствата, побарувањата и обврските согласно активностите пропишани во Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. | | |
| 11.3.5. | Евидентирањето на набавките и давањето во употреба на материјалите и ситниот инвентар не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, поради тоа што:<br>• нема утврдено сметководствена политика која треба да се применува во целиот пресметковен период;<br>• при набавката на ситниот инвентар не се врши зголемување на деловниот фонд, а при давање во употреба не се евидентира исправка на вредноста на ситниот инвентар и не се евидентира намалување на | Надлежните служби да утврдат соодветна сметководствена политика која ќе се применува во целиот пресметковен период и да изготват пишани процедури за приемот, издавањето и евидентирањето на ситниот инвентар и материјалите, | спроведена | Посебен акт за набавките и давањето во употреба на материјалите и ситниот инвентар не е изготвен (истото е пропишано е во пишаните процедури) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | деловниот фонд ;<br>• не се врши евидентирање на приемот и издавањето на материјалите поради тоа што општината нема лице задолжено за ракување со материјалите;<br>Непримената на одредбите од претходно споменатиот закон и немањето на пишани процедури создава услови да службите на општина Штип немаат увид во состојбата на материјалите и ситниот инвентар, како и можност за нивно ненаменско користење | согласно одредбите од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници | | |
| **11.4.** | **Неправилности во искажувањето на приходите/расходите** | | | |
| 11.4.1. | Од средствата на буџетот на општина Штип повеќе се потрошени 1,141 илјади денари за исплата на надоместоци на советниците за учество во работа на комисии на Советот и за присуство на венчавки. Исплатата на овие средства се врши врз основа на Одлука за изменување и дополнување на одлуката за определување на надоместоци на членовите на Советот на општина Штип бр 0701-507/1 од 17.02.2006, која одлука не е усогласена со одредбите на член 100 од Законот за локална самоуправа.<br>Неусогласеноста на интерните акти со законската регулатива на Република Македонија, има за ефект незаконско трошење на средствата на општината што придонесува за зголемени расходи | - Одлуките што ги усвојува Советот на општината да бидат усогласени со позитивната законска регулатива во Република Македонија.<br>- За незаконски исплатените парични средства надлежните органи на општината да превземат мерки за враќање на истите. | Делумно спроведена | Не се преземени мерки за враќање на незаконски исплатените парични средства на советниците<br>Во 2010 година донесена нова Одлука за висината на надоместоците на советниците во согласност со Законот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11.4.2. | Ревизијата не се убеди во реалноста и објективноста на направените расходи во износ од 1,224 илјади денари за извршените набавки на материјали и резервни делови. Спротивно на член 22 од Законот за локална самоуправа, извршени се набавки на:<br>• електроматеријали во вкупен износ од 1,118 илјади денари наменети за одржување и изградба на улично јавно осветлување, и<br>• автоделови во вкупен износ од 106 илјади денари, наменети за поправка и сервисирање на општинските возила.<br>Не е воведена материјална евиденција на набавките и потрошокот на истите. Ова е резултат на долгогодишната воспоставена пракса што создава услови за зголемени трошоци и ненаменско користење на материјалите | Одржувањето и изградбата на уличното јавно осветлување, како и поправката и сервисирањето на возилата за кои е задолжена општината да се довери на субјекти избрани со постапки утврдени со закон. | спроведена | Има постапки за јавни набавки |
| **11.5.** | **Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба** | | | |
| 11.5.1 | Ставките Обврски спрема државата и други институции и Активни временски разграничувања се искажани во помал износ од 85 илјади денари поради непресметан и неплатен персонален данок од доход за исплата на:<br>- еднократна парична помош на физички лица | - Да се изврши доплата на данокот квантифициран во наодот.<br>- Службите во општина Штип | спроведена | Се почитуваат одредбите од Законот за персонален данок на доход |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ___________________________
*2.* ___________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | во износ од 594 илјади денари;<br>- спонзорства на физички лица во износ од 33 илјади денари;<br>- 1.100 илјади денари како награди на вработените за залагање во работата. (наградите се однесуваат за 2005 и 2006 година а се исплатени во 2006 година).<br>Спротивно на член 6 од Законот за персонален данок на доход, за исплатените средства за кои не се предвидени даночни ослободувања, не е пресметан и платен пресонален данок на доход во износ од 85 илјади денари.<br>Непочитувањето на законските одредби придонесува за погрешено проценување на билансните позиции и погрешно прикажување на финансиските извештаи.<br>Согласно член 5 до Законот за персонален данок на доход, одделението за сметководство во текот на ревизијата пресмета и плати персонален данок на доход во износ од 150 илјади денари за исплатените награди на вработените | доследно да ги почитуваат одредбите од Законот за персонален данок на доход во однос на исплатите кои не спаѓаат во даночни олеснувања. | | |
| 11.5.2. | Ревизијата не изразува мислење за реалноста на проценетата вредност на позицијата Краткорочни обврски во делот на ставката Обврски спрема добавувачи поради следниве неправилности:<br>➢ Евидентирањето на обврските не се врши во моментот на нивното | Надлежното одделение за сметководство евидентирањето на обврските да го врши согласно | спроведена | Се врши навремено евидентирање на обврските |



*Ревизорски тим:*
*1.* ___________________________
*2.* ___________________________

*Овластен државен ревизор*
______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | настанување, туку кога се врши нивно плаќање;<br>➢ Обврските кон Македонски телекомуникации не се евидентираат целосно. Имено, направените телефонски трошоци од страна на советниците над износот од 800 денари што не им се признаваат како расход, не се евидентираат како обврска кон Македонски Телекомуникации. Поради нецелосна документација, ревизијата не можеше да изврши квантификација на делот што не е евидентиран како обврска кон Македонски телекомуникации;<br>➢ Ненавремено доставување на фактурите, односно ситуациите за извршените работи од страна на ЈП „Исар“ Штип, кое е резултат на воспоставена пракса фактурите и ситуации да ги доставуваат еднаш или два пати во текот на годината.<br>Ваквиот начин на евидентирање на обврските не обезбедува целосност, релевантност и навременост при проценувањето на нивната вредност во билансот на состојба, а исто така создава можности за зголемени трошоци од камати заради | Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ненавремено подмирување на обврските и е во спротивност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници | | | |
| **11.6.** | **Ненаменско и незаконско користење на средствата** | | | |
| 11.6.1. | При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки, ревизијата утврди пропусти при применувањето на одредбите од Законот за јавни набавки и подзаконските акти од областа на јавните набавки и тоа:<br>- без спроведена постапка за набавка од мала вредност извршени се набавки на тонери, и<br>- за поправките на возилата со кои располага општина Штип и единицата на ППЗ на општина Штип | Градоначалникот да создаде услови за целосна примена на Законот за јавни набавки и подзаконските акти во сите аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката. | спроведена | |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ ______________________